# HOBE

МУЗЕЈ НА
СОВРЕМЕНАТА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

# НОВЕ ФРАНГОВСКИ
# NOVE FRANGOVSKI

8. X — 28 X 1975

MUSEUM OF
CONTEMPORARY
ART
SKOPJE



Скоро цела деценија Нове Франговски е присутен во ликовниот живот на Македонија, припаѓајќи и на генерацијата која во македонското ликовно творештво внесе нови животни сокови преку современите стилски насоки иманентни на социјално-политичките проблеми на денешнината. Од Белград, каде што во 1966 година ја заврши Академијата за ликовни уметности во класата на професорот Љубица Сокиќ, Нове Франговски ги понесе повеќе искуствата на белградската ликовна школа, отколку на својот професор, за да ги поврзе со локалната обоеност на своето родно поднебје, со некои елементи на националното и традицијата во почетните дела, но пред сè во натамошниот развиток, со длабоко ангажиран пристап кон современите проблеми на новата урбана средина.

Уште на неговите први самостојни изложби во Бор и Скопје во 1968 година, се забележува настојувањето на Франговски да создаде личен ракопис, движејќи се во стилските релации на надреализмот и фантастиката, со синтетичен цртеж и предимно ангажирана тематика. На монохромна, најчесто бела површина, Франговски ги развиваше своите теми, во кои секогаш на преден план беше човечката фигура, стилизирана и симплифицирана. Распарчаните екстремитети паѓаа или лебдеа во успешна кореспонденција со бизарниот надреален простор, создавајќи асоцијација за животната динамика на денешното време, еден вид предупредување за опасностите што постојано го демнат човештвото. Максимално ги редуцираше деталите, насочувајќи ја својата концентрација често само на еден фрагмент од фигурата, со што експресијата добиваше во својот интензитет.

На самостојната изложба во Белград во 1969 година Франговски ги излагаше главно сликите од скопската изложба. Главната поента во неговото творештво беше пак човекот, растргнуван од дилемите на секојдневието со асоцијации за виденото и доживеаното. Колористичката гама на Франговски ги содржеше боите на неговиот роден Галичник, како реминисценции за одделни секвенци, доживеани во детството (»Печалбар«, 1968; »Галичка одаја«, 1970 итн.) Повеќе пати ликовната критика ја истакнуваше, меѓу другото, и поврзаноста на Франговски со некои елементи на традицијата, пред сè со иконите. Можеби тоа влијание кај Франгоски е врежано потсвесно, изразено повеќе во колористичкиот третман при исликувањето на фигурите, секогаш присутни во неговото сликарство, кои како да ја задржале патината што се напластувала од чадот и правта на изминатите векови. Тоа чувство за влијанието на иконите кај Франговски се наметнува и при анализата на неговите понови дела: во широките чисти површини исликани со сини и окерни бои.

Мошне често Франговски се свртуваше во овој период и кон големата тема на НОВ и Револуцијата, транскрибирајќи ја со сосема современ ликовен сензибилитет, а останувајќи и при тоа доследен на својата стилска определба (»Јас тоа го видов), 1968; »Недочекани мугри«, 1969; »Договор пред акција« 1971; »Будење«, 1969, за која беше награден на изложбата »25 години АСНОМ«, Скопје, 1969).

Веќе во 1971 година на самостојната изложба во Уметничката галерија во Скопје сликарската постапка на Франгоски еволуира во однос на претходната фаза кон прочистување. Неговото сликарство, кое сега се наоѓа на границата меѓу надреалното и асоцијативното од една страна и ногата фигурација од друга страна, веќе ги носи одликите на најновите остварувања: прочистеност, рационално осмислена и дводимензионално третирана композиција и колорит во кој преовладуваат чистите бои.

А едногодишниот студиски престој во Италија во 1973 година и самостојната изложба во Галеријата »Il Grifo« во Рим ќе биде уште една потврда за постојаниот квалитетен растеж на Франговски кон оформувањето на неговиот личен ракопис.

Најновите дела на Франговски презентирани на оваа изложба, и кои делумно беа изложени на самостојната изложба во Нови Сад оваа година, се резултат на неколкугодишно творечко дејствување на авторот (1971-1975). Тие укажуваат на еден логичен и континуиран развиток на сликарската постапка и ликовната порака на уметникот.

Неколку слики од 1981 година: „Разгледувањето на експонатите«, »Фигура во простор« и »Разговор«, претставуваат врска со претходните фази на Франговски. Во нив се насетува процесот на прочистување со редукција на деталите и со употреба на широки површини исликани со јасни колористички акценти на жолтата, сината, зелената, црвената и со доминантните бела и црна.

Напуштајќи ја традиционалната тематика, свртен исцело кон денешнината, тој се срживува со современата проблематика и во своите најнови сликарски де-

ла прави анализи за психичките состојби на современиот човек, за неговите трауми и проблеми. Безимеоите јунаци на Франговски во светот на урбанизацијата и урбанизмот се немоќни, стиснати, ограничени помеѓу четири ѕида, кои авторот симболички ги исликува како коцки, правоаголници, квадрати, проектиарни во просторот, исто така ограден и ограничен. А неговите протагонисти, вградени во овие геометризирани површини, или пак застанати вчудовидени пред црната кутија, укажуваат и предупредуваат за некои можни опасности од секогаш присутните конфликти и недоразбирања во современото општество, разговараат или водат полемики за нивното разрешување. Човечката фигура е секогаш со благо потцртана експресија, карактеристична уште за неговите први сликарски остварувања. Таа е поврзана со размислувањата на авторот на релацијата човекот — урбаниот простор, со размислувањата за судбината на човештвото, стиснато и ограничено во сивилото на бетонските ѕидишта, кои му го одземаат животниот простор. Безимена, беспокојна, исплашена пред проблемите на денешнината, поставена повеќе како симбол, таа секогаш ја има и својата придружба: белата фигура, исликана како проекција, како сенка, како потсвесното второ »ego« на авторот. Таа коментира, советува, негодува во контекстот на замислената содржина на сликата. Колористички, фигурата е најчесто разрешена во кафеави, маслинасти, сини и зелени нијанси, со карактеристичниот за Франговски, би се рекло, »акварелски« начин на исликување. Линеарно разрешена, во почетокот статична и стисната во ограничениот простор, во последните дела фигурата на Франговски се раздвижува, излегува во ослободениот простор (»Нешто се случи«, 1975«, »Стаклена градина«, 1975 и др.).

Композицијата е осмислена, рационално сфатена, разрешена со нејзината поделба на повеќе затворени и ограничени, геометризирани урбани простори, во кои егзистираат неговите јунаци. Цртежот е сигурен а стилската насоченост на авторот се наоѓа помеѓу геометриската апстракција и новата фигурација, користејќи ги искуствата и на двете насоки, нерешавајќи се да се определи само за едната или за другата. А во целина се создава впечаток за успешна ликовна транскрипција на мошне импресивни секвенци и фрагменти од животот на современиот човек.

Во континуираниот развиток на сликарската постапка кај Франговски се забележуваат и некои експериментирања при исликувањето со елементи на филмско кадрирање на сликата во повеќе правоаголни секвенци, геометриски распоредени: »Полиптих« (1973), »Размислување за просторот« (1974). А секоја секвенца, посебно замислена, може на авторот да му послужи како скица за реализација на нови слики. (Така една секвенца од сликата »Полиптих« веќе е реализирана во посебно дело »Проекција на иднината«, 1974).

Во своите натамошни експериментирања Франговски задржуга цртачки елементи на исликаните површини, како желба да ја подели површината на сликата на квадрати или правоаголници (»Форми во простор«, 1975); да истакне поконкретно определено движење или став на фигурата (»Анализа на просторот«, 1974) или пак да даде можност за следење на креативната постапка при исликувањето, да го прикаже самиот процес на настанување на делото. Во сликата »Варијации«, 1975 разрешена во четири хоризонтални појаси, сукцесивно го прикажува процесот на исликување: од првиот појас во кој главите се назначени само со елементи на цртеж, преку средните два појаса, делумно колористички обработени, до долниот појас, дефинитивно цртачки и колориситчки оформен со низи темиња во повеќе нијанси. Поврзани со размислувањата на авторот за судбината на човештвото, настанати се и повеќе скици и слики од 1973-1975, во кои на преден план се насликани човечки глави — темиња, стиснати во ограничени простори, во црна кутија или пак во аголот на оградениот простор (»Варијации«, »Црна кутија«, »Размислување за човештвото« и др.).

Во најновите слики од 1974-75, веројатно како идна можна ориентација на авторот, постепено се губи геоиметризираниот урбан простор за да ѝ отстапи место на природата, внесувајќи поголеми, слободно разрешени обли површини, кои асоцираат на природни форми: облаци и сл. Со тоа Франговски внесува елементи на лирика, настојувајќи во светот на техницизмот и механизацијата да ја врати и зачува изгубената, чиста природа. Ја отвора црната кутија, од која човекот се раздвижува, за него сепак постои надеж да ја почувствува природата и слободниот простор (»Разговор«, »Форми во простор«, »Стаклена градина« »Игра II« и др.). При тоа се создава впечаток за успешна комбинација на лирски инсерти од природата со поранешните геометризирани форми.

Согледано од овие аспекти, сликарството на Нове Франговски е значајно како дел на оние најкреативни сили што дејствуваат во младото македонско ликовно творештво.

**Љубица Дамјановска**

**НОВЕ ФРАНГОВСКИ**, академски сликар
Роден во Галичник 1939. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1966. Член е на ДЛУМ од 1967. Студиски патувања во СССР, Франција и специјализација во Италија 1973.
Адреса: Партизански одреди бр. 111, влез II/13, 91 000 Скопје

**Самостојни изложби**

1968 — Бор, Работнички универезитет
— Скопје, Центар за култура и информации
1969 — Белград, Галерија КНУ
1971 — Скопје, Уметничка галерија
1973 — Рим, Галерија Ил Грифо
1975 — Нови Сад, Мал ликовен салон

**Групни изложби**

1966 — Белград, Група 66
— Белград, Ниш, Приштина — Октомвриски салон
1967 — Сплит, Белград — Изложба на војници сликари
1968 — Скопје, Изложба на НОБ
— Скопје, Наше минато
1969 — Словењ Градец, Ангажирана уметност во Југославија
— Истанбул, Анкара — Современа македонска уметност
— Скопје, 25 години АСНОМ
— Ферара (Италија), Современа македооска уметност
1970 — Скопје, Моето сакано дело
— Загреб, Изложба на СЛУЈ
1971 — Скопје, Современа македонска уметност — млада генерација
— Скопје, Дела на македонски уметници од колекцијата на МСУ
— Риека, VI биенале на младите
— Белград, Загреб, Љубљана — НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија
— Скопје. Наше историско минато во делата на македонските ликовни уметници
1972 — Скопје, Битола — Современи македонски уметници — млада генерација II
— Пиатра Неамц, Јаши (Романија), Современа македонска уметност
— Чачак, VII меморија на Надежда Петровиќ
— Белград, ЈНА во делата на војници ликовни уметници
1973 — Рим, 16 современи македонски сликари
— Рим, Современа југословенска графика
1974 — Нови Сад, 12 современи македонски уметници
— Куманово, Збратимени уметници
— Струмица, XI струмичка ликовна колонија
— Пореч, XIV анале
— Сомбор, XIV ликовна есен — миг на југословенското сликарство — млада генерација
1975 — Скопје, Збратимени уметници
— Крушевац, XI струмичка ликовна колонија
Учествува редовно на сите изложби на ДЛУМ од 1967

**Награди**

1969 — Скопје, II награда за сликарство на изложбата »25 години АСНОМ«

## КАТАЛОГ
## CATALOGUE

1. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ЕКСПОНАТ, 1971
VIEWING THE EXHIBIT, oil
масло на платно, 100×100
2. РАЗГОВОР, 1971
CONVERSATION, oil
масло на платно, 95×95
3. ФИГУРА ВО ПРОСТОР
FIGURE IN SPACE, oil
масло на платно, 95×95
сопств. проф. Ацо Стојановиќ, Скопје
4. ПРЕДЕЛ I, 1972
LANDSCAPE I, oil
масло на платно, 105×100
5. СЛЕДЕЊЕ, 1972
FOLLOWING, oil
масло на платно, 36×26
6. ЧОВЕК КОЈ СЕДИ, 1973
SITTING MAN, oil
масло на платно, 100×95
7. ЦРНА КУТИЈА, 1973
BLACK BOX, oil
масло на платно, 100×100

8. ДИЈАЛОГ, 1973
DIALOGUE, oil
масло на платно, 100×100

9. ПОЛИПТИХ 1973
POLYPTYCH, oil
масло на платно, 100×95

10. ВО СОБАТА, 1973
IN THE ROOM, oil
масло на платно, 45×50

11. ПРЕДЕЛ II, 1973
LANDSCAPE II, oil
масло на платно, 45×45

12. МУГРИ, 1973
DAWN, oil
масло на платно, 45×45

13. КУТИЈА I, 1974
BOX I, oil
масло на платно, 100×100

14. КУТИЈА II, 1974
BOX II, oil
масло на платно, 100×100

15. КУТИЈА III, 1974
BOX III, oil
масло на платно, 36×36

16. АНАЛИЗА НА ПРОСТОРОТ, 1974
AIALYSIS OF SPACE, oil
масло на платно, 100×75

17. КУТИЈА СЕ ОТВОРИ, 1974
THE BOX HAS OPENED, oil
масло на платно, 160×120

18. ГРАДИНА I, 1974
GARDEN I, oil
масло на платно, 105×100

19. ГРАДИНА II, 1974
GARDEN II, oil
масло на платно, 105×100

20. ПРОЕКЦИЈА НА ИДНИНАТА, 1974
PROJECTION OF THE FUTURE, oil
масло на платно, 160×120
сопств.: Работ. универ., Струмица

21. РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА ЧОВЕШТВОТО, 1974
CONTEMPLATION ABOUT THE MANKIND
масло на платно, 160×120

22. РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА ПРОСТОРОТ, 1984
COTEMPLATION ABOUT THE SPACE
масло на платно, 120×100

23. ФОРМИ ВО ПРОСТОР I, 1974
FORMS IN SPACE I, oil
масло на платно, 50×50

24. КОМПОЗИЦИЈА, 1974
COMPOSITION, oil
масло на платно, 49×40

25. ГРАДСКИ МОТИВ, 1975
TOWNSCAPE, oil
масло на платно, 100×95

26. СТАКЛЕНА ГРАДИНА, 1975
GLASS GARDEN, oil
масло на платно, 160×120

27. ВАРИЈАЦИИ, 1975
VARIATIONS, oil
масло на платно, 100×75

28. АНАЛИЗА НА ЕДЕН ЗАСЕК, 1975
ANALYSIS OF A CUT, oil
масло на платно, 95×65

29. ФОРМИ ВО ПРОСТОР II, 1975
FORMS IN SPACE II, oil
масло на платно, 100×100

30. НЕШТО СЕ СЛУЧИ, 1975
SOMETHING HAPPENED, oil
масло на платно, 100×105

31. ЗАПИС, 1975
NOTES, oil
масло на платно, 28×36

32. ГРАДСКИ МОТИВ II, 1975
TOWNSCAPE II, oil
масло на платно, 36×36

33. ПРЕДЕЛ III, 1975
LANDSCAPE III, oil
масло на платно, 45×45

34. ИГРА I, 1975
GAME I, oil
масло на платно, 48×42

35. ИГРА II, 1975
GAME II, oil
масло на платно, 50×50

36. ПРОДОР, 1975
PENETRATION, oil
масло на платно, 39×29

37. ЛУЃЕ ВО ПРОСТОР, 1975
MEN IN SPACE, oil
масло на платно, 50×50

* останатите дела се сопственост на авторот



17







21










HoBe 74.









10→



**NOVE FRANGOVSKI,** painter

Born at Galičnik 1939. Graduated from the Academy of Fine Arts in Belgrade 1966. Member of DLUM (the Macedonian Society of Artists) from 1967. Travelled on study voyages to USSR, France and Italy.
Address: Partizanski odredi 111, vlez II/13, 91 000 Skopje

**One — man shows**

1968 — Bor, Workers 'University
— Skopje, Center for Culture and Information
1969 — Belgrade, Gallery KNU
1971 — Skopje, Art Gallery
1973 — Rome, Gallery Il Grifo
1975 — Novi Sad, Art Salon

**Group shows**

1966 — Belgrade, Group 66
— Belgrade, October salon
1967 — Split, Belgrade — Exhibition of soldiers painters
1968 — Skopje Exhibition of NOB (national liberation war)
— Skopje, Our past
1969 — Slovenj Gradec, Yugso'av art 1919-1969
— Istanbul, Ankara — Contemporary Macedonian art
— Skopje, 25 years of ASNOM
— Ferrara, Contemporary Macedonian art
1970 — Skopje, My favourite work
— Zagreb, Exhibition of the Yugoslav society of artists
1971 — Skopje, Contemporary Macedonian art — young generation
— Skopje, Macedonian artists from the collection of the Skopje Museum of contemporary art
— Rieka, 6 th biennale of young
— Belgrade, Zagreb, Ljubljana — NOB in the works of the Yugoslav artists
— Skopje, Our historical past in the works of the Macedonian artists
1972 — Skopje, Bitola — Contemporary Macedonian artists — young generation II
— Piatra Neamt, Jashi — Contemporary Macedonian art
— Čačak, 7th memorial of Nadežda Petrović
— Belgrade, JNA (Yugoslav national army) in the works of art
1973 — Rome, 16 contemporary Macedonian artists
— Rome, Contemporary Yugoslav print
1974 — Novi Sad, 12 contemporary Macedonian artists
— Kumanovo, Fellowshiped artists
— Strumica, XI art colony
— Poreč, 14th annale
— Sombor, 14th autumn of fine arts
1975 — Skopje, Fellowshiped artists
— Kruševac, XI art colony from Strumica
From 1967 he has participated in all exhibition of DLUM

**Prizes**

1969 — Skopje, 2nd Prize for painting awarded at the exhibition »25 years of ASNOM«

## БИБЛИОГРАФИЈА
## BIBLIOGRAPHY

### ПРЕДГОВОРИ ОД САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ, ПОВАЖНИ СТАТИИ И ИНТЕРВЈУИ


1968 — **Владимир Георгиевски,** Предговор за каталог од самостојната изложба, Центар за култура и информации, Скопје, 1968

— **П(аскал) Гилевски,** Човекот тоа е сè — сликарот Нове Франгогски зборува за своето сликарство, Вечер, Скопје, 23. XI 1968

— **М(арко) Арсовски,** Човекот — постојана тема, Млад борец, Скопје, 28. XI 1968

1969 — **Мишо Митевски,** Предговор за каталог од самостојната изложба, Галерија КНУ, Белград, 1969

— **Сл(ободан) Петровић,** Дирижирам со соништата — разговор со Нове Франговски, Журнал, Скопје, 18. I 1969

— **Ф. М.,** Земјотрес у Скопљу — инспирација за слике, Политика, Белград, 18. I 1969

— **П(авле) В(асић),** Три разноврсне изложбе. Нове Франговски, Политика, Белград, 31. I 1969

— **Г(оце) Механџиски,** Разговараме со ... Нове Франгогски, Наш свет, Скопје, 8. X 1969

— **Branka Matić,** Nove Frangovski, Umetnost, Белград, бр. 17, 1969

— **Т(ашко) Ш(ирилов),** Подем на младата генерација — разговор со Нове Франговски, Вечер, Скопје, 8. XII 1969

— **О(лга) Спиркоска,** Почесто презентирање на младата генерација — во атељето на Нове Франговски, Нова Македонија, Скопје, 17. XII 1969

1971 — **Н(евена) М(итревска),** Сликарство без претензија да се допадне, Нова Македонија, Скопје, 14. IV 1971

o — **Н(евена) М(итревска),** Нова фигурација — разговор со Нове Франговски, Нова Македонија, Скопје, 5. V 1971

**Соња Абаџиева Димитрова,** Самостојна изложба на Нове Франговски Современост, Скопје, бр. 6, 1971

— **Boris Petkovski,** Skopska likovna kronika. Razstava slik Noveta Frangovskega,, Sinteza, Љубљана, бр. 21-22, 1971

1972 — **Љубица Дамјановска,** Скопска ликовна кроника. Нове Франговски, Живот умјетности, Загреб, бр. 17, 1972

1973 — **Dario Micacchi, Boris Petkovski,** Предговор за каталог од самостојната изложба, Galleria Il Grifo, Рим, 1973

— **Dario Micacchi,** Moderne icone jugoslave di Frangovski, l'Unita, Рим, 13. VII 1973

1975 — **Ладислав Баришић,** Предговор за каталог од самостојната изложба, Мал ликовен салон, Нови Сад, 1975

— **Станимир Божановић,** Рањеној природи треба помоћи, Рад Белград, 30. V — 5. VI 1975

— **Милош Арсић,** Судари и данашњој урбаној средини, Дневник, Нови Сад, 15. VI 1985

## ПРЕДГОВОРИ ЗА КАТАЛОЗИ ОД ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1969 — **Борис Петковски,** Предговор за каталог од изложбата »Makedonyali sanatçilar«, Resim ve heykel müzesi beşiktaş, Истанбул, Анкара, 1969

— **Борис Петковски,** Предговор за каталог од изложбата »Angažirana umetnost v Jugoslaviji 1919-1969«, Уметностни павиљон, Словењ Градец, 1969.

1971 — **Љубица Дамјановска,** Предговор за каталог од изложбата »Дела на македонски уметници од колекцијата на МСУ«, Музеј на современата уметност, Скопје, 1971

1972 — **Соња Абаџиева Димитрова,** Предговор за каталог од изложбата »Современи македонски уметници — млада генерација II«, Музеј на современата уметност, Скопје, 1972

— **Борис Петковски,** Предговор за каталог од изложбата »Arta Contemporanea Macedoneana«, Јаши, Пиатра Неамц (Романија), 1972

1973 — **Boris Petkovski** и **Dario Micacchi,** Предгвор за каталог од изложбата »16 pittori macedoni contemporanei', Galleria Giulia, Рим, 1973

1974 — **Соња Абаџиева Димитрова,** Предговор за каталог од изложбата »12 savremenih makedonskih umetnika«, Галерија »Радивој ЋИРПАНОВ Нови Сад, 1974

## ПРИКАЗИ ОД ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ, ПОКРАТКИ НАПИСИ, ИНФОРМАТИВНИ БЕЛЕШКИ И ДРУГО


1968 — —, Во Бор изложба на Нове Франговски, Вечер, Скопје, 21. IV 1968

— —, Самостојна изложба на Нове Франговски, Нова Македонија, Скопје, 13. XI 1968

— **Паскал Гилевски**, Есенска изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 2. XII 1968

— —, Нове Франговски ќе излага во Белград, Вечер, Скопје, 14. XII 1968

— —, Нове Франговски ќе излага во Белград, Нова Македонија, Скопје, 21. XII 1968

1969 — **Паскал Гилевски**, Шарениот профил на ДЛУМ, Современост, Скопје, бр. 1, 1969

— —, Изложба на Нове Франговски во Белград, Вечер, Скопје 18. I 1969

— **О(лга) Сп(ирковска)**, Изложба на македонската современа уметност, Нова Македонија, Скопје, 25. VI 1969

— **Соња Абаџиева Димитрова**, Творечко следење на современите походи, Нова Македонија, Скопје, 25. IX 1969

— —, Нове Франговски: ни ги скратуваат можностите, Нова Македонија, Скопје, 25. IX 1969

— **0(лга) Сп(ирковска)**, Отворена изложба поветена на АСНОМ, Нова Македонија, Скопје, 1. XII 1969

— Наградени сликите на изложбата »25 години АСНОМ«, Нова Македонија, Скопје, 2. XII 1969

— — **Соња Абаџиева Димитрова**, Компромиси — 25 години АСНОМ, Нова Македонија, Скопје, 9. XII 1969

— **Ј(ован) Поповски**, Три значајне изложбе, Политика, Белград, 10. XII 1969

1970 — **Љубица Дамјановска**, Три ликовни изложби Културен живот, Скопје, бр. 10, 1970

— **Т(ашко) Ш(ирилов)**, Слаб одзив на ликовните уметници, Вечер, Скопје, 10. XII 1970

— **Борис Петковски**, ДЛУМ по 25 години, Нова Македонија, Скопје, 13. XII 1970

1971 — Нова изложба на Нове Франгогски, Вечер, Скопје, 3. III 1971

— **Т(ашко) Ш(ирилов)**, Галеријата почнува со Франговски, Вечер, Скопје, 9. III 1971

— **Т(ашко) Ш(ирилов)**, Две самостојни изложби — Нове Франговски и Петар Николовски, Вечер, Скопје, 14. IV 1971

— —, Втор пат пред скопската публика, Вечер, Скопје, 15. IV 1971

— **Н(евена) М(итревска)**, Во Уметничка галерија изложба на Нове Франговски, Нова Македонија, Скопје, 20. IV 1971

— **Тришо Стојановски**, Уметник на своето доба, Студентски збор, Скопје, 26. IV 1971

— **Соња Абаџиева Димитрова**, Ликовен преглед, Современост, Скопје, бр. 5, 1971

— **Борис Петковски**, Савремена македонска ликовна уметност, 4 јули, Белград, 5. V 1971

— **Борис Петковски**, Одразот на скопскиот земјотрес во делата на ликовните уметници, Разгледи, Скопје, бр. 6, 1971

— **Vladimir Gajšek**, 6 bienale mladih v Moderni galeriji v Reki, Večer, Марибор, 24. VIII 1971

— **Љубица Дамјановска**, Почеток на есенската ликовна сезона во Скопје, Културен живот, Скопје, бр. 9-10, 1971

— **Д(анило) Коцевски**, генерација без милост, Млад борец, Скопје, 15. X 1971

— **Соња Абаџиева Диимтрова**, На работ на просечноста — изложба на ДЛУМ, Комунист, Скопје, 10. XII 1971

1972 — **Паскал Гилевски**, Историско минато, За македонските работи, Скопје, 1. I 1972

— —, Римско струдирање, Вечер, Скопје, 23. III 1972

— —, Македонски ликовни уметници во Романија, Вечер, Скопје, 11. IV 1972

— **Ташко Ширилов**, Во постојан подем: современа македонска уметност во СР Романија, Вечер, Скопје, 29. IV 1972

— **Соња Абаџиева Димитрова**, За младата генерација на современите македонски ликовни уметници, Современост, Скопје, бр. 5, 1972
— **Соња Абаџиева Димитрова**, Млада генерација, Нова Македонија, Скопје, 14. V 1972
— **Богдан Мусовиќ**, Уметноста на млада генерација, Млад борец, Скопје, 22. V 1972
— —, Нове Франговски, Нова Македонија, Скопје, 19. VIII 1972
— —, Седми Меморијал Надежде Петровић, Политика, Белград, 1. IX 1972
— —, Memorijal Nadežde Petrović, Oslobođenje, Сараево, 2. IX 1972
— —, Македонски сликар — Нове Франговски, Нова Македонија, Скопје, 16. IX 1972
— **Борис Петковски**, Видовите на ангажираноста во македонската ликовна уметност, Разгледи, бр. 9, 1972.
— **Ташко Ширилов**, Подем на македонската култура во странство, Вечер, Скопје, 28. XI 1972
— **Борис Петковски**, Современата ликовна уметност, »Македонија од распаќата кон иднината«, Редакција »Трудбеник«, Скопје, 1972
1973 — **Соња Абаџиева Димитрова**, Интензивен растеж, Современост, Скопје, бр. 1, 1973
— —, Недостиг на време — Нове Франговски, Нова Македонија, Скопје, 7. IV 1973
— **П(аскал) Гилевски**, Бои и облици, Вечер, Скопје, 4. V 1973
— —, Изложба на Нове Франговски во Рим, Нова Македонија, Скопје, 24. VII 1973
— **Љубица Дамјановска**, НОВ и Револуцијата во македонското ликовно творештво, Културен живот, Скопје, бр. 7-8, 1973
— —, Нове Франговски во Рим, Вечер, Скопје, 20. VIII 1973
— **Соња Абаџиева Димитрова**, Следбеници на Бретон во македонското сликарство, Разгледи, Скопје, бр. 9, 1973
1974 — **М(иодраг) Д(руговац)**, Изложба чланова ликовних уметника Македоније, Борба, Белград, 1. II 1974
— **Соња Абаџиева Димитрова**, Годишна изложба на ДЛУМ, Современост, Скопје, бр. 3, 1974
— **Т(ашко) Ш(ирилов)**, »12 македонски ликовни уметници« во Нови Сад, Вечер, Скопје, 6. VI 1974
— —, Дванаесет македонски уметници излагаат во Нови Сад, Нова Македонија, Скопје, 9. VI 1974
— **М(илош) Арсиќ**, Фрагмент ликовних збивања — изложба македонских уметника у Новом Саду, Дневник, Нови Сад, 18. VI 1974
— **Соња Абаџиева Димитрова**, По повод изложбата »Револуционерното минато во македонската уметност«, Современост, Скопје, бр. 7, 1974

— **М. Станоев,** Голем одзив на домашните и странските уметници, Нова Македонија, Скопје, 6. VII 1974

— **Д. Чапарев,** Единаесетта ликовна колонија, Нова Македонија, Скопје, 30. VII 1974

— **Ч. С.,** »Револуционерното минато во македонската уметност«, Вечер, Скопје, 31. VII 1974

— **В(анчо) Георгиевски,** три генерације, Политика, Белград, 4. VIII 1974

— **Владимир Величковски,** Повторна средба. Нова Македонија, Скопје, 18. VIII 1974

— —, Заврши XI струмичка ликовна колонија, вечер Скопје, 22. VIII 1974

— **М. Станоев,** Разгрнати можности за уметничко создавање, Нова Македонија, Скопје, 25. VIII 1974

— —, Учествуваат седум македонски уметници, Вечер, Скопје, 12. XI 1974

— **Владимир Величковски,** Спектар на ликовни насочености, Нова Македонија, Скопје, 8. XII 1974

— **Паскал Гилевски,** Македонски ликовни варијанти, Вечер, Скопје, 14. XII 1974

1975 — —, Традиционална изложба »Збратимени уметници«, Вечер, Скопје, 9. I 1975

— **П. Трајковски,** Годинава 12 изложби, Нова Македонија, Скопје, 18. I 1975

— **Т(ашко) Ш(ирилов),** Ликовни творби од Косово, Војводина и БиХ. Во МСУ: Анастасов, Николовски, Фрнговски, Перчинков и Мартиноски, Вечер, Скопје, 31. I 1975

— —, XI струмичка ликовна колонија, Нова Македонија, Скопје, 5. III 1975

— **В. Ђ.,** Изложбе у фабрикама. Богат програм Музеја савремене уметности у Скопљу, Вечерње новости, Белград, 2. IV 1975

— —, НОБ во делата на македонските ликовни уметници, Нова Македонија, Скопје, 14. V 1975

— **П. К.,** Отворена изложба »НОБ во делата на македонските уметници«, Нова Македонија, Скопје, 15. V 1975

— —, Повторно чувствување на Револуцијата, Нова Македонија, Скопје, 16. V 1975

— **Ладислав Баришић,** Имате Скопје. Ликовне манифестације, Око, Загреб, 29. V 1975

— **Паскал Гилевски,** Возвишина тема на НОБ, Вечер, Скопје, 31. V 1975

— —, Излага Нове Франговски, Нова Македонија, Скопје, 13. VI 1975

— —, Творби од Франговски во Нови Сад, Вечер, Скопје, 30. VI 1975

— —, Македонски уметници на »Седмиот есенски салон«, Вечер, Скопје, 30 VI 1975

— —, Судирите во нашата урбана средина. Нова Македонија, Скопје, 13. VII 1975

— —, Луѓе во фокусот Успех, Вечер, Скопје, 18. VII 1975

нове франговски — самостојна изложба — 1975
издавач: музеј на современата уметност, скопје
одгovворен уредник: борис петковски
предговор: љубица дамјановска
подготовка на катологотот со
превод и библографија: слободанка баришиќ
лектура: тодор димитров
фотографии: живко јаневски
ликовно обликување: нове франговски и драгољуб богоевиќ
печатница: оозт »светлост«, скопје
тираж: 500